Национален Младински Совет на Македонија
Köshilli Rinor Nacional i Maqedonisë
Бр.-Nr. 03-20/1
14.01 2026 год.-viti
Скопје-Shkup

До: Општина Крива Паланка

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Национален младински совет на Македонија (НМСМ), ул. 29-ти Ноември бр. 4В – Скопје, 078350531, info@nms.org.mk
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Мариана Ангелова, ул.29-ти Ноември бр. 4В – Скопје, 078322401, mariana.angelova@nms.org.mk

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**I ФИНАНСИРАЊЕ на одредите од Законот за младинско учество и младински политики**

1.1 Дали од ставката 463 (трансфер до НВО) општината има поддржано форми на младинско организирање?

1.2 Дали општината има реализирано финансиски средства за млади за 2025 година? Доколку да, **колку** и за што се реализирани средствата?

1.3 Дали општината има одвоено и реализирано финансиска поддршка за младинскиот центар и за активности на центарот во 2025 година? Доколку да, колку?

1.4 Дали општината има одвоено и реализирано финансиски средства на локалниот младински совет во 2025 година? Доколку да, колку?

1.5 Дали општината има планирано финансиски средства за млади, во буџетот за 2026 година. Доколку да, колку и за што се планирани средствата?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

а) увид
б) препис
в) фотокопија
**г) електронски запис**
д) друго ________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил – info@nms.org.mk**
д) друго ________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 14.01.2026 година**

Национален Младински Совет на Македонија – Köshilli Rinor Nacional i Maqedonisë – Скопје Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18-282/4
29-01 2026 год
КРИВА ПАЛАНКА



Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/15) решавајќи по барање бр. 18-282/1, 15.01.2026г. од Национален Младински Совет на Македонија (НМСМ), ул. ,,29-ти Ноември,,бр. 48 -Скопје, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР**, се уважува барањето бр. 18-282/1, 15.01.2026г. од Национален Младински Совет на Македонија (НМСМ), ул. ,,29-ти Ноември,,бр. 48 –Скопје.

Бараните информации му се доставуваат на барателот со акт-бр. 18-282/3, 26.01.2026г. кој е прилог на решението.

## ***Образложение***

Барателот Национален Младински Совет на Македонија (НМСМ), ул. ,,29-ти Ноември,,бр. 48 –Скопје достави барање на имеил нивен број 03-20/1, 14.01.2026г. наш број 18-282/1, 15.01.2026г. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019),.

Со барањето бр. 18-282/1 од 15.01.2026г.барателот бара повеќе информации од јавен карактер во и тоа:

1.1 Дали од ставката 463 (трансфер до НВО) општината има подржано форми на младинско организирање?

1.2 Дали општината има реализирано финансиски средства за млади за 2025 година?
Доколку ДА колку и за што се реализирани средствата?

1.3 Дали општината има одвоено и реализуирано финансиска подршка за младинскиот центар и за активности на центарот во 2025 година? Доколку ДА колку?

1.4 Дали општината има планорано финансиски средства за млади , во буџетот за 2026 година. Доколку да, колку и за што се планирани средствата?

Информациите што се барат од страна на барателот се информации од јавен карактер Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), и ажурираната листата на информации од јавен карактер на Општина Крива Паланка.

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 18-282/3 од 26.01.2026 година, кој претставува составен дел (прилог) на ова Решение, од одделението за локален економски развој и евроинтеграции.**

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информаците од јавен карактер согласно член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр.18-282/3
26.01.2026 год.
Крива Паланка



**ОД**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛЕР И ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**До службено лице за посредување со информации**
**од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВА НА ИНФОРМАЦИИ**

Согласно Вашето барање бр. 18-282/2, 15.01.2026г. со кое барате испорака на информација од јавен карактер а во врска со Барање од Барање од Национален младински совет на Македонија (НМСМ), ул. ,,29-ти Ноември,,бр. 48 -Скопје, ви ја доставуваме бараната информација и тоа:

**• Информација за точка 1.1 од барањето**

НЕ

**• Информација за точка 1.2 од барањето**

Општина Крива Паланка преку програмата за млади за 2025 година има предвидено средства за млади во висина од 600.000 денари. Најголем дел од нив се за субвенции за млади преку јавни повици и тоа:

- Јавен повик за надоместување на дел на трошоците на младите на подрачјето на Општина Крива Паланка за набавка на велосипеди;
- Јавен повик за надоместување на дел на трошоците на студентите запишани на додипломкси студии од прв циклус со адреса на живеење на подрачјето на општина Крива Паланка за набавка на дигитален уред за учебната/академска 2024 – 2025 година;
- Јавен повик за надоместување на дел на трошоците на млади невработени лица жители на општина Крива Паланка за купен дигитален уред

Вкупниот износ за трите јавни повици изнесува 30.390 денари

-Стипендии за талентирани ученици/чки и студенти/тки – 456.000 денари
- Месечна субвенција за секој ученик кој ќе се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров"- 2.706.396 денари
- Еднократна парична помош за матуранти/тки запишани во СОУ Ѓорче Петров Крива Паланка – 449 955 денари

**Вкупниот износ од сите ставки изнесува 3.642.741 ден**

- **Информација за точка 1.3 од барањето**
  Немаме младински центар
- **Информација за точка 1.4 од барањето**
  Општина Крива Паланка има одвоено средства за ЛМС во висна од 100.000 денари, истите се реализирани од страна на ЛМС.
- **Информација за точка 1.5 од барањето**
  Да, Општина Крива Паланка има планирано средства за млади и во буџетот за 2026 година во висина од 500.000 ден

Со почит.
Место и датум : 26.01.2026г.
Крива Паланка

**Општина Крива Паланка**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛЕР И ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Раководител , Антонио Давитковски**